**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

за назначување на овластено ревизорско друштво за 2026 година

Скопје, мај 2026 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (Н.О.бр. 44/27.04.2026, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 28.05.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**

за назначување на овластено ревизорско друштво за 2026 година

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје (СБ) го назначува ревизорското друштво **ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје** за овластено ревизорско друштво што ќе врши ревизија на финансиските извештаи и книговодствената евиденција за деловната и фискална 2026 година.

2. Предлогот за избор на ревизорското друштво од точка 1 од оваа Одлука се утврди од страна на Одборот за ревизија на седницата одржана на 24.04.2025 година и истиот се одобри од страна на Надзорниот одбор на седницата одржана на 27.04.2025 година.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

С.О. бр.532/2026
28.05.2026 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**
**Наташа Трпеноска - Тренчевска**

Стопанска банка А.Д. СКОПЈЕ 01 СКОПЈЕ

**ПРЕДЛОГ**

**За назначување на овластено ревизорско друштво за 2026 година**

Во согласност со член 104 и 105 од Законот за банки, Стопанска банка АД – Скопје (понатаму: Банката) има обврска да назначи овластено ревизорско друштво кое ќе изврши финансиската ревизија на работењето (финансиските извештаи, сметководствените евиденции и информациските системи) за деловната и фискалната 2026 година.

Во согласност со членовите 26 и 60 од Статутот на Банката, предлогот за назначување на овластено ревизорско друштво се определува од Одборот за ревизија, по што истиот се одобрува од Надзорниот одбор, а Собранието на акционери, врз основа на дадениот предлог, го назначува овластеното ревизорско друштво.

Во согласност со постапката за селекција и критериумите за избор на надворешно ревизорско друштво утврдени во Кодексот за корпоративно управување (точки 48–49), како и врз основа на достапните пазарни информации, усогласеноста на ниво на Групацијата и претходното искуство од соработката, Одборот за ревизија на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 24.04.2026 година, го утврди предлогот **PricewaterhouseCoopers Revizija DOO Skopje** да биде избрано како овластено ревизорско друштво кое ќе ја изврши ревизијата на финансиските извештаи и сметководствените евиденции на Банката за деловната и фискалната 2026 година, во согласност со важечките локални регулаторни барања.

Предложеното ревизорско друштво:

- ги исполнува сите регулаторни и професионални критериуми потребни за вршење надворешна ревизија на финансиските извештаи на банка;
- поседува значајно искуство во ревизија на банки и финансиски институции, вклучително и субјекти со слична големина и комплексност;
- обезбедува висок степен на независност, при што не се идентификувани конфликти на интерес во согласност со применливите барања за независност и ротација;
- има силна професионална репутација и углед на пазарот, потврден со своето долгогодишно присуство во банкарскиот сектор, вклучително и претходни ревизорски ангажмани со Стопанска банка АД – Скопје.

Дополнително, ниту еден од критериумите за исклучување наведени во точка 49 од Кодексот за корпоративно управување[1] не е применлив на предложеното надворешно ревизорско друштво.

---

[1] Ревизорското друштво нема да биде избрано доколку има помалку од три години искуство во вршење ревизорски ангажмани, доколку е поврзано лице со Банката, доколку има обезбедено консултантски услуги за Банката во последните три години, доколку му биле изречени мерки од страна на Институтот на овластени ревизори во последните три години, како и доколку не поседува соодветна стручност или не постапува во согласност со ревизорските стандарди.

Надзорниот одбор го одобри предлогот на Одборот за ревизија на седницата одржана на 27.04.2026 година.

Во согласност со горенаведеното, се предлага Собранието на акционери да ја одобри предложената Одлука.

Скопје, април 2026 г.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**